списание за **ПРОМОВИРАЊЕ** на **БИБЛИСКАТА**

# АРХЕОЛОГИЈА

## ископување на иднината


број 14 • Година III, 2016 • цена 30 денари • месечно издание

9 771857 951005




**Римските цезари**

**Протерувањето не можело да го спречи христијанството**



**Мрачниот период од 1260 години**

**Печати од „скарабеј“**

**Америка во пророштвото**

*Во овој број:*

# РИМСКАТА
## империја

# ЗАПЕЧАТУВАЊЕ
## и обележување

*Според стандардите на Средниот Исток, Рим е нов град. Не било така сè до 1000 година пред Христа, додека не била најдена вистинска трага на живот околу Рим, и дури и тогаш таа не била најдена долу близу до реката Тигар, туку накај седумте ридови на Рим, бидејќи во тоа време градовите главно биле градени на ридови.*

Причината за доцнежното населување е објаснето со фактот дека поради вулканските активности овој дел бил несоодветен за населување. Секако, легендата за Ромул и Рем, кои наводно биле одгледани од жена-волчица, е мит и немало никаква трага за вакква приказна сè до четвртиот век пред Христа. Рим бил населен од Индоевропејци кои доаѓале од север, и бидејќи



Исус бил предаден за 30 сребреници, токму како што било проречено

тие имале навика да ги кремираат мртвите, имало многу малку остатоци. Гробиштата се секогаш место каде што археолозите бараат докази и артефакти, а во овој случај тие недостасувале. Бројот на жителите на раниот Рим тивко и мирно постепено се зголемувал околу 600 години. Овие Римјани немале агресивни намери; немале империјални амбиции и биле подготвени да си живеат мирно



и долго, додека судбината не им ја наметнала потребата да се бранат и уште повеќе да се раширанат. Во 390 г. пред Христа, варварските келтски орди се спуштиле од север, го окупирале Рим и го ограбиле. Овој настан ги изненадил Римјаните и тие сфатиле дека мораат да се бранат во агресивниот свет, па затоа се вооружиле. Малку по малку, Рим почнал да го „практикува“ своето влијание, не само во својата област туку и во околните региони на Италија, и околу 300 г. пред Христа Римјаните влегле во сојузништво со останатите италијански градови. Водејќи се според принципот „подели па владеј“, Рим успеал да се прошири речиси во цела Италија.

## **Рим** станува моќен

Дури и тогаш Римјаните можеби ќе останеле во рамките на својата област доколку не почнало да се чувствува присуството на Картагина (Carthage). Картагина, која се наоѓа во Северна Африка, станала пловечка сила и кога нејзината војска почнала да навлегува во Сицилија и во Италија, Рим бил соочен со потребата за противставување. Тогаш следувале Пунските војни. Првата била нерешена, втората ја вклучувала



Војската на Ханибал имала слонови

драматичната епизода на Ханибал, Картагинецот, кој, доаѓајќи со слонови низ Шпанија, преку планините во Италија, речиси успеал да го окупира Рим. Следувало непријатно примирје, но Рим веќе бил длабоко свесен за својата потреба од безбедност и одлучил дека ќе треба да се елиминира картагинската моќ заради сопствена безбедност. Рим барал некаква причина која се појавила во вториот век пред Христа, кога ја искористил можноста за војна во Картагина, при што ја опколил и целосно ја уништил. Откако започнал со инвазија на други области изгледало дека веќе не може да се запре, па Рим се фокусирал кон исток. Потоа следувале трите македонски војни кои се случиле во 168 г. пред Христа, во битката кај Пидна (Pydna), кога империјата на Селеук (Seleucid) била конечно окупирана од Рим. Така Рим ја проширил својата моќ кон Средниот Исток.



## Јулиј **Цезар**

Во средината на првиот век пред Христа на римската сцена се појавиле двајца многу значајни воини-државници. Еден од нив бил Помпеј, кој успешно извојувал неколку војни на Средниот Исток, а другиот бил Јулиј Цезар, кој бил исто така успешен во Галија (Gaul) и во освојувањето на Англија. Овие двајца мажи, заедно со Крас (Crassus) го формирале првиот римски триумвират, и можеле заеднички да управуваат со Рим доколку немале комликувано политичко гледиште, кое го навело Цезар да преземе посигурни чекори. Како што Цезар маршрал надолу од северна Италија накај Рим, сè поизвесна била конфронтацијата со Помпеј, а тој, пак, кога видел дека ќе биде втор, одлучил да се повлече. Цезар го одвел до Египет, каде што Помпеј бил убиен. Потоа Цезар, по љубовната афера со Клеопатра, ја поставил неа за владетел на Египет и наследничка на Птолемајската



империја, и отишол во Турција каде што го окупирал крајбрежјето. Токму таму тој ги кажал познатите зборови, „Дојдов, видов, победив.“ Потоа се вратил во Рим, но немал намера да остане таму, затоа што имал амбиции за големо освојување на исток кое никогаш не се случило. Иако бил одговорен за некои важни реформи, вклучувајќи го воведувањето на јулијанскиот календар, Римјаните не можеле да го толерираат неговото негирање на демократијата. Откако самиот почувствувал како функционираат работите на исток, повеќе сакал да има титула на цар отколку да биде главен во сенатот. Конечно се случил револт меѓу делегатите и во 44 година пред Христа, на поттик од страна на Брут, Цезар бил убиен.


Октавијан - Цезар Август

## Цезар Август

По Цезар, имало двајца можни наследници водачи - Октавијан и Антониј, кој се впуштил во љубовна врска со Клеопатра во Египет. Кога се сретнале двајцата римски лидери во битката кај Акциум во 31 година пред Христа, Антониј бил поразен, и тој и Клеопатра се самоубиле. Октавијан, сега водач на Римската империја, не сакал да се смета себеси за император и ја одбил титулата „рекс“, која Цезар ја посакувал за себе; наместо тоа, тој ја прифатил титулата „Август“, која може да биде преведена како „претседател.“ Во тоа време се родил Исус Христос. Во книгата на Лука, глава 2 стих 1, забележано е дека *„излезе заповед од царот Август за попис на сите жители.“* Заради овој декрет Марија и Јосиф дошле во Витлеем, каде што бил роден Исус Христос.

Во 14 г. веќе стариот Август бил заменет со подмолниот Тибериј (Tiberius). Тој не бил син на Август, но неговата мајка, која му била сопруга на Август, успеала преку разговор да обезбеди номинација за својот син Тибериј за тој да биде следниот римски водач. Тој конечно почнал како компетентен владетел, но бил многу неправеден и имал зол карактер. Во овој период Исус бил распнат. По него дошол Калигула, кој бил сосема луд, а потоа Клавдиј, кој бил нецивилизиран. Во тој период владеела глад, како што е запишано во книгата Дела на апостолите (види Дела 11,28). Потоа во 54 г. озлогласениот Нерон стекнал моќ. Тој бил син на една неморална жена по име Агрипина (Agrippina) која се омажила за Клавдиј (Claudius); го посвоиле Нерон, а таа го убедила Императорот да го назначи Нерона за свој наследник. Иако сите го очекувале најлошото од ваквиот карактер, по некое време се покажало дека Нерон владеел мудро. Сепак, неговата зла природа се открила и неговата прва жртва била токму неговата мајка, која ја убил. Во 64 година имало голем пожар во Рим и бидејќи Нерон изградил нова палата на страната од каде што доаѓал пожарот, сомнежот за пожарот паднал токму врз него. Најверојатно, за да ја пренасочи вината, Нерон ги обвинил христијаните и за да ја демонстрира својата сигурност во тоа, тој почнал да ја прогонува црквата. Во текот на овој прогон, според традицијата, на Павле му била отсечена главата, а Петар бил распнат со главата надолу. Бидејќи Римјаните веќе не можеле да ги издржат збеснатоста и алчноста на Нерон, во 68 г. пред Христа и на Нерон му се заканувало убиство, по што тој самиот си го одзел животот. Потоа следувал период на анархија сè додека Веспазијан (Vespasian) не бил поставен на власт во 69 г. Една


Христијаните биле обвинети за пожарот во Рим

година подоцна, неговиот син Тит (Titus) го освоил Ерусалим. При враќањето оттаму, тој бил почестен со тоа што му била подигната триумфална порта на која во внатрешниот дел има релјеф на кој е отсликана неговата победничка процесија низ градот. Во трофеите од војната бил вклучен и златниот свеќник со седум свеќи од еврејскиот храм. По Веспазијан, Тит станал следниот император.



## Протерувањето не можело да го спречи христијанството

Домицијан бил император од 81. до 96. година кој, исплашен од забрзаното ширење на христијанството, вовел уште еден период на протерување. Се потврдува дека апостол Јован бил фрлен во казан со врело масло. Откако чудесно преживеал, бил протеран на пустиот остров Патмос, каде што ги запишал своите


Тибериј


Калигула


Клавдиј


Нерон


Веспазијан


Тит


Домицијан


Диоклецијан

визии во книгата Откровение (Откровение 1,9). Еден од последните императори, кој се обидел да го спречи проширувањето на христијанството, бил Диоклецијан, но ни тој не можел да го спречи ши-



Константин Велики

рењето на црквата. Неговиот наследник Константин Велики, го прифатил христијанството како државна религија. Тоа бил целосно политички потег и постојат малку докази за целосно обратување, иако мајка му станала посветена христијанка. Токму таа ја посетила Светата земја и се обидела да ја пренесе преку отсликување на деловите кои се поврзани со животот на Христос. Во 330 г. Константин одлучил Византион да стане административен центар, преименуван во Константинопол, и Рим бил оставен на милоста на варварските инвазии. Во 456 г. вандали под водство на Гејзерик (Genseric) го преплавиле Медитеранот и го ограбиле Рим, а во 476 година бил нападнат од страна на Остроготите и императорот бил поразен. Овој датум историчарите го сметаат за означување на крајот на Римската империја. Императорите продолжиле да владеат со она што останало од империјата од Константинопол сè до 1453 година, кога градот паднал под исламска војска.

## Пророштвото за жената



Овој краток преглед на историјата на Рим овозможува разгледување на едно многу интересно библиско пророштво од Откровение 12 глава. Исусовиот апостол Јован напишал: *„И голем знак се покажа на небото: жена, облечена во сонце; под нозете нејзини беше месечината, а на главата нејзина – венец од дванаесет ѕвезди. Таа беше бремена и викаше од породилни болки, и се мачеше да роди... И таа роди машко дете, кое ќе ги пасе сите народи со железен жезол; и детето нејзино беше грабнато и однесено кај Бога и Неговиот престол“* (стихови 1, 2,5). Ова е симболично пророштво во кое жената е симбол на Божјиот народ. Во Стариот завет Еремија напишал: *„Јас ја разубавив ќерката Сионова. Прекрасна и разнежена“* (6,2). Во Новиот завет Павле напишал до христијанската црква во Коринт: *„Зашто за вас сум љубоморен со Божја љубомора; зашто ве свршив за еден маж, за да ве претставам пред Христос како чиста девица“* (2. Коринќаните 11,2). Месечината под нејзините нозе може да е симбол на менувањето на правилата од Стариот завет, со израелските „нови месечини“ и посочените гозби, кои го измориле Бога (Исаија 1,14), а сонцето би ја претставувало *„светлината на славата за славата на Христос“*, која би се случила (2. Коринќаните 4,4). Машкото дете кое *„беше грабнато и однесено кај Бога“* е Исус Христос, кој *„се вознесе на небо и седна од десната страна на Бога“* (Марко 16,19). Тој има задача да *„ги казни идолопоклониците. Тој ќе ги пасе со железен жезол“* (Откровение 19,15).

## Големиот црвен змев

Јован исто така напишал дека *„се јави друг знак на небото. Ете, голем црвен змев со седум глави и десет рогови, а на главите негови седум круни... Змевот застана пред жената, која сакаше да роди, та, кога ќе роди, да го изеде детето нејзино“* (Откровение 12,3.4). Црвениот змев е идентификуван како *„ѓавол и сатана“* (Откровение 12,9), но тој работи преку неговите земски соработници. *„Седумте глави, тоа се седумте гори,“* кои се *„седумте цареви, од кои петмина паднаа, едниот постои, другиот уште не дошол“* (Откровение 17,9.10). Петте паднати цареви, или царства, може да бидат идентификувани како петте големи царства кои ги протерале Божјите луѓе во историјата - Египет, Асирија, Вавилон, Медо-Персија и царството на Александар Македонски. Царството кое постоело во времето на Јован, било Римската империја. Тоа е главата која *„застана пред жената, која сакаше да роди, та, кога ќе роди, да го изеде детето нејзино.“*



## Убивањето на невините

Кога бил роден Исус Христос, *„дојдоа во Ерусалим мудреци од Исток и рекоа: ‚Каде е новороденииот Јудејски Цар?‘“* (Матеј 2,1.2). Нивната вест допрела до ушите на царот Ирод, кој го претставувал Рим во Ерусалим. Тој ги упатил да одат во Витлеем да го најдат новороденчето, со инструкции да се вратат и да му потврдат. Тој тврдел и дека сака да се поклони пред детето-цар. Но, Ирод бил сомничава личност. Тој веќе ја убил својата сопруга и двата сина под сомнение дека тие се здружиле против него, така што не би дозволил уште еден заменик на тронот да остане жив. Откако мудреците не се вратиле кај него како што им било кажано, *„испрати да ги погубат сите (машки) деца во Витлеем и по целата негова околина од две години и помали“* (Матеј 2,16). Ирод не бил свесен, но неговиот масакр на децата од Витлеем не била негова идеја. Таа потекнала од ѓаволот кој стоел пред жена-



Ирод ги испратил своите војници во Витлеем да го убијат новородениот цар

та чекајќи *„да го изеде детето нејзино“* штом ќе се роди. Тој ја ставил оваа идеја во умот на Ирод, но Бог го спречил овој зол план. *„Ангел Господов му се јави на Јосиф на сон, велејќи: ‚Стани, земи го Младенецот и мајка му, па бегај во Египет и остани таму додека не ти кажам, бидејќи Ирод ќе го бара Младенецот за да го погуби‘“* (Матеј 2,13).



Исус извојувал победа на крстот

## Победа со смрт

Животот на Божјиот Син бил запечатен и следните 33 години Исус живеел и ги поучувал другите за начинот на спасение. Сите навреди што злобните луѓе и демони ги упатувале кон него биле поднесувани со трпение сè додека лошите луѓе, инспирирани од сатаната и неговите злобни ангели, не го заковале на крстот. Шест очајнички часа тој висел таму, навредуван и злоставуван, додека не повикал: *„Се сврши“* и починал (Јован 19,30). Но неговата смрт не значела пораз за Божјиот Син. Тој ја завршил работата која Бог му ја дал, и умрел победнички над сатаната и неговите ангели. Оттогаш наваму сатаната е поразен, а неговите активности ограничени. Се чул глас од небото: *„Сега настана спасението и силата и царството на нашиот Бог и власта на Неговиот Христос, бидејќи е симнат клеветникот на браќата наши, кој ги клеветеше пред нашиот Бог дење и ноќе“* (Откровение 12,10).



Жртвување на христијани во римска арена

## Жената е прогонета

Откако Исус *„беше грабнат и однесен кај Бога“*, сатаната не можел понатаму да го доведува во искушение и да го злоупотребува, но имало нешто што тој можел да направи за да го повреди Исус, а тоа било да ги прогони неговите деца, и тој сега го свртел својот бес против христијанската црква. *„А кога виде змевот дека е фрлен на земјата, почна да ја гони жената што го беше родила машкото дете“* (стих 13). Императорите Нерон, Домицијан и Диоклецијан станале инструменти во рацете на ѓаволот преку кои бран по бран тој истурал сурови прогонства против христијаните. Епископот Евсевиј (Eusebius), кој живеел во третиот век, напишал: „Понекогаш тие (христијаните) биле толку многу камшикувани, што можеле да им се видат и најдлабоките вени и артерии, и утробите им биле распарувани, па можеле да им се видат и внатрешните органи. Понекогаш биле присилувани да лежат врз остри морски школки и остри клинови. По издржувањето на секаков вид казна и тортура, тие на крајот биле фрлани на диви ѕверови како храна“ (Историја на црквата, стр. 169). На 337 страница тој напишал: „На некои христијани им била дерена кожата, биле измачувани, безмилосно камшикувани, изложени на безбројни други измачувања кои се невозможни за опишување, на најразлични начини, и на крајот фрлани во оган... Биле сецкани на парчиња од главата до стапалата, сè додека не умрат. Жените биле врзувани за една нога и подигани високо во воздух, со главите надолу и потполно голи... Други биле врзувани за дрвја и колци и умирале на ужасен начин, зашто со помош на машини тие ги спојувале најголемите гранки, врзани за по една нога на жртвата, а потоа ги пуштале гранките да си се вратат во својата првобитна положба. На тој начин успевале за миг да ги распарчат нозете на жртвите. Тие продолжувале да го прават тоа не само во текот на неколку денови или седмици, туку во текот на повеќе години.“



## Прогонства **однатре**



Црквата ги прогонувала тие што сакале да останат верни на Божјите зборови објавени во Библијата

Но, се докажало дека крвта на мачениците претставувала семе за црквата и христијанството напредувало. Кога ѓаволот открил дека растежот на црквата не може да биде спречен со прогонства, тој ја сменил својата тактика. Римскиот император Константин го прифатил христијанството како државна религија. Сега паганизмот, наместо да ја прогонува црквата, се преселил во нејзините редови. Се почитувале слики, биле прифатени лажни доктрини, а неделата била формално прифатена како христијански ден за богослужение. Имало и такви кои се противставувале на ваквите пагански трендови, но тие биле погубувани. Огновите на прогонството кои неодамна згаснале, повторно биле запалени, овој пат во име на Христа. Се чинело дека има само еден излез. Илјадници христијани побарале засолниште во безбедноста на планините. *„И ѝ се дадоа на жената две крилја како на голем орел за да одлета во пустината на своето место, каде што ќе се храни време, две времиња и половина време, далеку од лицето на змијата“* (Откровение 12,14). Валденжанските христијани избегале во планинските предели на северна Италија, по што војските на папата биле веднаш пратени против нив. Понекогаш тие успевале и многу од нив биле маченици кои умреле за својата вера, но често пати Господ интервенирал, и се случувале пресврти, па биле спасувани од прогонувачите. *„И змијата од устата своја испушти по жената вода како река... Но земјата ѝ помогна на жената: ја отвори земјата устата своја и ја проголта реката што ја беше испуштил змевот од устата своја“* (стихови 15,16). Големи групи безбожни луѓе кои ги прогонувале Исусовите следбеници често пати би се изгубиле во шумските предели.



И денес можат да се видат справите за мачење кои ги користела инквизицијата

## **Мрачниот период** од 1260 години

Исус го претскажал овој долг период на прогонство. *„Зашто тогаш ќе има голема неволја, каква што немало од почетокот на светот“* (Матеј 24,21). И во книгата Откровение тој предвидел дека ова ќе трае 1260 години. *„А жената побегна во пустина, каде што имаше пригответно место од Бога за да ја хранат таму илјада двесте и шеесет дена“* (12,6). Според Книгата на пророк Езекил 4,6 ден означува година, и овој принцип се покажал како ефективен при интерпретирањето на многу пророштва, па тоа би значело дека станува збор за 1260 години. Овој период е наречен и *„време, две времиња и половина време“* (Откровение 12,14). Истиот израз е употребен и во Книгата на пророк Даниел 7,25. „Време“ е уште еден израз кој означува година (Даниел 4,25), и со споредување на стиховите 6 и 14 во Откровение 12. глава, јасно е дека станува збор за месец што има 30 дена. Па така:



**1 време** = 12 месеци x 30 дена = **360 дена**
**2 времиња** = 24 месеци x 30 дена = **720 дена.**
**1/2 време** = половина од 360 = **180 дена.**

Оттаму **3½ времиња** (пророчки години) = 1260 пророчки денови, или **1260 буквални години.**

Раните христијани прво биле прогонувани од паганските Римјани, но откако Римската империја го прифатила христијанството како државна религија, истата нетолеранција била покажана и кон оние што не се согласувале со неа. Потоа следувале векови на протерување од римокатоличката црква. Овој пророчки период започнал кога папството достигнало и политичка и црковна моќ, во 538 година. Папата го ставил под притисок римскиот император Јустинијан за да ги ликвидира трите европски држави кои не го прифаќале авторитетот на римската црква, и римските војски ги исполниле папските планови. 1260 години подоцна, во 1798 година, папството ја изгубило својата политичка моќ кога војската на Наполеон, под водство на генерал Бертие (Berthier), влегла во Рим, го заробила папата и го протерала во Франција, каде што тој починал наредната година.



Прогонети заради својата вера мнозина нашле прибежиште во пусти места

# Црквата на **остатокот**



Пророштвото потоа нѐ води до последните денови на црковната историја. *„И се разлути змевот на жената и отиде да војува со другите од семето нејзино,* ***што ги пазат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исус Христос“*** (стих 17). Во верзијата на Крал Џејмс (The King James Version) ова е преведено како *„остатокот од нејзиното семе“*. Тука станува збор за следбениците на Исус во последните денови од историјата на овој свет и тие се идентификуваат според држењето на Божјите заповеди. Многу протестантски цркви тврдат дека ги почитуваат Десетте Божји заповеди, но тие не ја сметаат саботата како седми ден во седмицата. Овде станува збор за црква која не само што ги почитува Десетте заповеди туку ја почитува и саботата како седми ден. Сличен текст е најден и во Откровение 14,12. *„Тука е трпението на светиите: тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус.“* Во 6. стих се вели дека нивната порака ќе биде проследена *„до секое племе и колено, јазик и народ, зборувајќи со висок глас: ‚Имајте страопочит кон Бога и подајте му слава, зашто настапи часот на Неговиот суд'.“* Овие стихови се целосно релевантни за Христијанската адвентистичка црква (Црква на адвентистите на Седмиот ден) која ги исполнува карактеристиките на овие пророштва. Адвентистичката црква има 18,4 милиони членови во 237 земји, кои зборуваат на 890 јазици, насекаде низ светот (статистички податок од 2015 година). Тие управуваат со 173 болници и санаториуми, 7579 училишта, 114 високообразовни институции и 63 издавачки куќи. Сето ова е посветено на објавување на Исусовата порака за неговото повторно доаѓање на овој свет.







Христијаните адвентисти ги има во целиот свет

## **Премногу тешка** промена?

Некои луѓе сметаат дека се потребни големи жртви за да се промени нечија религија, да се држи денот даден за рекреација и задоволство. Но ова не е ништо во споредба со жртвата што ја направил Исус Христос за нас.

Пред извесно време, додека бев во Ерусалим, купив круна од трње. Трњето беа долги и остри, со отровен крај. Ваква круна притисната на главата сигурно предизвикувала огромна болка. Ова е само еден дел од страдањето кое Исус го трпел заради нас, за да плати за нашите гревови. *„Па му облекоа багреница, и откако сплетоа трнов венец, му го ставија на главата и почнаа да го поздравуваат: Те поздравуваме, царе јудејски!“* (Марко 15,17.18). Какво понижување издржал Божјиот Син, Оној што нѐ создал, зар не треба и ние да жртвуваме нешто за Него? Всушност, да ја почитуваме саботата, седмиот ден и не е некоја голема жртва. Бог го благословил овој ден (1. Мојсеева 2,3), и како и многу други, и јас открив дека е тоа најубавиот ден во седмицата.





# ЗАПЕЧАТУВАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ

Во Библијата се вели дека, кога пророкот Даниел завршил со пишувањето на своето последно пророштво, Бог му кажал: *„Сокриј ги овие зборови и запечати ја оваа книга до последното време.“* Печатите биле откриени пред илјадници години и играле многу важна улога во цивилизациите низ историјата. Тие се најдени неодамна при археолошки ископувања. Во современиот свет печатите се употребуваат со цел да се заштитат важните писма или правните документи. Стопениот восок се накапува врз хартијата и печатот се притиска врз него така што писмото или документот не може да биде отворено без да се оштети печатот. Запечатувањето веројатно започнало кога трговците сакале да го заштитат виното или маслото од отворање или крадење во продавниците или при транспорт. Се ставала глина помеѓу капачето и работ од теглата. Потоа сопственикот го притискал печатот во глината која веднаш се стврднувала, па така капакот од теглата не можел да биде отворен без кршење на печатот.

Во почетокот печатите се состоеле само од дизајн кој бил изгравиран и избран од страна на сопственикот, но како што минувало времето, биле употребувани симболи што ги претставувале звуците во името на сопственикот. Овие симболи биле направени да создадат букви, и така се развила уметноста на пишувањето.

## Печати од **„скарабеј“**

Печатите обично биле правени од камен или од метал и имало два главни вида. Обичен печат (пломба), кој бил едноставно втиснуван во глината и цилиндричен печат кој се тркалал преку меката глина. Во Египет обичниот печат (пломба) бил во форма на скарабеј, денеска познат како бумбар лепешкар. Оваа црна бубачка била најсветиот симбол за Египќаните, кои ги забележале нејзините навики.



Печатите имале важна улога кај античките народи



Кога женката била подготвена да ги снесе јајцата, таа собирала измет од животни, го мотала во топче и потоа го туркала station наназад сѐ додека не стигне до соодветно место. Потоа копала дупка во земјата, ја криела топката, ги снесувала јајцата на неа и ги прекривала со земја. Јајцата се изведувале и ларвите се хранеле од ѓубрето за потоа

да ископаат пат до површината – да го повторат циклусот на животот. Египќаните виделе во оваа бубачка симбол на богот на сонцето кој испраќал светлечка орбита по небото секој ден, па тие насликувале слики од бубачката и се поклонувале пред нив во своите храмови. Кога требало да ги употребат како печати, тие правеле мали модели на скарабеи и врежувале хиероглифски симболи од долната страна. Правеле дупка на крајот од печатот, се ставала долга врвка низ средината и се врзувала околу вратот на писарот. Вака подготвениот печат се употребувал кога било потребно. На печатот што му припаѓал на кралот, а бил користен од неговиот писар, било врежано името на кралот и неговата титула.





Египетски печат во облик на Скарабеј, (горна страна)



делот што се впечатува

## Скарабеите
### во археологијата

Многу печати-скарабеи биле најдени во Египет и тие не се невообичаени при ископувањата во Израел и во други земји. Доколку скарабеите вклучувале име на фараон, биле многу вредни за археолозите, бидејќи ваков пронајдок воспоставувал синхронизација меѓу периодот во кој владеел некој фараон и слојот во кој ископувале археолозите. Дури и некралските скарабеи се вредни, бидејќи под името на аристократот и трговецот често пати било впишано и името на фараонот што живеел во тоа време. Доколку нема кралски имиња или, пак, се нечитливи, пронајдокот е сè уште корисен затоа што стилот на скарабејот овозможува да се направи хронолошка идентификација. Во секој случај, мора да се биде многу внимателен кога се определуваат датумите врз основа на скарабеите. Понекогаш ваквите печати биле изгубени со години или биле чувани во наследство. Можеби биле закопани со векови пред да бидат употребени. Наоѓањето печат во подоцнежен период може да резултира со погрешна хронолошка информација, па така самото пронаоѓање на ваков печат не може да се смета за клучен доказ.



Феникиски прстен-печат

## Цилиндрични печати

Вториот најчесто употребуван печат бил цилиндричниот. Вакви биле речиси сите печати што се употребувале во Месопотамија. Некои од нив биле многу мали, можеби само еден сантиметар во должина, но деталите на нив биле многу силно врежани и јасни. Сите слики и зборови морале да би-

Египетски печати во облик на скарабеј



Цилиндрични печати и глинени плочки со нивните отпечатоци





Впечатување во загреан восок

дат вдлабнати наопаку за да се добие правилна слика или збор кога цилиндерот ќе биде истркалан преку глината. Цилиндричниот печат имал дупка низ центарот, па писарот можел да прикачи врвка и да го закачи околу вратот. Печатите се споменувани во Библијата. Пред 3500 години Јов кажал дека *неговите гревови се „запечатени во свиток“* (Јов 14,17). Царицата Езавела *„напиша писма од името на Ахав, ги запечати со неговиот печат и ги испрати до старешините и големците“* (1. Царевите 21,8). Аман пратил писма до персиските области *„и беа свикани царските писари во првиот месец, во тринаесеттиот негов ден и беше напишано, како што заповеда Аман... Сè беше напишано од името на царот Ахасвер* (Ксеркс) *и потврдено со печатот од царскиот прстен“*



Цилиндрични печати и нивните отпечатоци на глинена плочка

(Естира 3,12). Кога Даниел бил фрлен во јамата со лавови, *„донесоа камен, го ставија врз отворот на јамата, и царот го запечати со својот прстен и со прстењата на великодостојниците свои, за да не се измени ништо по однос на Даниел“* (Даниел 6,17).

Еден ден откако Исус бил погребан *„тие отидоа и со стража го чуваа гробот, а каменот го запечатија“* (Матеј 27,66).

## Божјиот печат

Можеби најинтересниот текст во врска со употребата на печатите се наоѓа во Откровение 7,1-3, кога Јован ги гледа четирите ангели како ги задржуваат четирите ветрови. Тогаш тој видел *„друг ангел како се подигаше од исток, кој имаше печат на живиот Бог и тој извика со висок глас кон четирите ангели, на кои им беше дадено да им пакостат на земјата и на морето, велејќи: не пакостете ѝ на земјата, ниту на морето, ниту пак, на дрвјата, додека не им ставиме печат врз челата на слугите на нашиот Бог!“*

За да го сфатиме значењето на Божјиот печат, најнапред треба да го разбереме пророштвото во Откровение 13 глава, каде што се зборува за знакот на ѕверот. Јован напишал: *„И видов како од морето излегува ѕвер“* (Откровение 13,1). Овој ѕвер ги има сите особини на моќта на малиот рог, што Даниел го видел во визија. Даниел запишал: *„И против Севишниот ќе зборува, и ќе ги угнетува светиите на Севишниот; дури ќе си помисли да ги измени празниците нивни и закони, па тие ќе бидат предадени во раката негова за време и две времиња и половина време“* (Даниел 7,25). Терминот „време“ употребен во ова пророштво претставува период од една година со 12 месеци од по 30 дена, или 360 дена (пророчки употребен, терминот „ден“ претставува една година) (Езекил 4,6). Значи, две времиња би биле 720 дена, а половина време би биле 180 дена, вкупно 1260 денови или пророчки години. Ѕверот што Јован го видел *„ја отвори устата за хулење против Бога“* (Откровение 13,6), *„му се даде да војува против светиите и да ги победи“* (стих 7), *„и му се даде власт да прави така четириесет и два месеци“* (стих 5). Четириесет и два месеци од по триесет дена е истиот период од 1260 денови или години.

## Оние што живеат на небото



Во пророштвото на Даниел 7 глава, ние го протолкувавме овој мал рог како папството, а ѕверот што Јован го видел се однесува на истата сила. Но, во видението на Јован имаме дополнителни детали за ова царство. Тоа не само што хули на Бога, туку и на *„оние што живеат на небото“* (Откровение 13,6). Ангелите живеат со Бога на небото, а во врска со нив, еден католички свештеник запишал дека еден католички верник „му дава недвосмислена поддршка на ставот на Св. Фрањо Асишки, кој пишува дека кога би сретнал свештеник и ангел, тој најпрвин би го поздравил свештеникот, а потоа ангелот. И тој верува, или



Наполеонови генерал Бертие го уапсил папата во 1798 година

барем ја поддржува анегдотата во која се зборува дека пред ракоположувањето на еден свештеник, неговиот ангел-чувар оди пред него, но по ракоположувањето, ангелот оди по свештеникот“ (*A Priest*, by the Rev. Robert Nash, S. J. page 3, published by the Australian Catholic Truth Society, Melbourne). Ваквиот став не покажува многу почит кон светите ангели, кои се неограничено посупериорни во однос на грешните човечки суштества (Псалм 8,5). Всушност, Господ го смета тоа за богохулење против *„оние што живеат на небото.“* На овој ѕвер *„му се даде власт да прави така четириесет и два месеци“* (Откровение 13,5). Овој период од четириесет и два месеци или 1260 дена претставува пророчки години кои започнале кога папството станало политичка сила во 538 година. 1260 години подоцна ќе биде 1798 г., кога Јован видел дека *„една од главите негови како да беше смртно ранета“* (стих 3).

Во 1798 г. војската на Наполеон, под водство на генерал Бертие, навлегла во Рим и го испратила папата во прогонство во Франција. Тој умрел следната година. Подоцна, на папството му бил одземен статусот на политичко царство, а Ватикан се приклучил кон Италија. Многумина сметале дека ваквиот удар засекогаш ќе му стави крај на папството како политичка сила. Папата безмилосно го потпишал декретот кој претставувал смртна казна за милиони побож-



Америка е претставена во пророштвото како ѕвер со рогови како кај јагне

ни христијани, само затоа што го поставиле авторитетот на Библијата над догмите на црквата. Илјадници биле затворани во сурови затвори поради нивната вера во Христа и во Библијата. Сега бил издаден и божествениот декрет *„кој во прогонство води, во прогонство ќе биде одведен"* (Откровение 13,10).

## Америка во пророштвото

Во времето кога папата бил одведен во прогонство, Јован видел *„друг ѕвер како излегува од земјата. Тој имаше два рога како кај јагне"* (Октровение 13,11). Времето на појавувањето и особините на ова пророчко животно може да се примени на Соединатите Американски Држави. Америка не се издигнала меѓу воинствените народи симболички претставени со немирни води како и претходните пророчки ѕверови. Тој *„излегува од земјата"* каде што нема вода, ниту воинствени народи. Првите англиски пуритански доселеници допловиле од Европа во 1620 г. и се населиле во Северна Америка. Тие бегале од прогонството на папата, па нивна желба била да живеат во земја без цар, и да основаат црква без папа.

Америка прераснала во држава речиси во исто време кога папата бил одведен во прогонство. Во 1783 г. Америка ја стекнала својата независност од Британија и во 1793 г. Џорџ Вашингтон го поставил камен-темелникот од Конгресната палата во градот кој подоцна ќе го носи неговото име. Во 1800 г. седиштето на владата било преместено во новиот главен град.

## Американската политика на изолација

Америка била претставена со овој нежен ѕвер со рогови како кај јагне. Долго време Америка единствено барала слобода и мир. Кога започнала Првата светска војна во Европа во 1914 г., Америка била решена да остане настрана. Нејзината политика била да се изолира од останатиот свет, па дури во последната година од таа војна се вклучила против своја волја. Кога бил потпишан мировниот договор, Америка повторно се повлекла во изолација. Кога Хитлер



навлегол со своите трупи во Полска, а Англија ѝ објавила војна на Германија, Америка била цврсто решена да не се вклучува. Дури кога јапонските авиони го бомбардирале Перл Харбор, Соединетите Држави биле вовлечени во конфликтот. Кога завршила војната, сè уште постоела желба кај многумина Америка да се врати на својата политика на изолација. Но, пророчкото предвидение укажувало поинаку. Овој ѕвер налик







на јагне требало да зборува *„како змев"* (стих 11). Незапирливо, Соединетите Американски Држави се наметнале на светската сцена. Тие станувале сè посилни и посилни, сè додека не останале само две големи суперсили, Русија и Америка. Потоа, наедна ш комунизмот пропаѓа, оставајќи ја Америка како најмоќна нација на светот. Денес, кога зборува претседателот на САД, сите народи се принудени да слушаат.

## Раце подадени преку бездната

Сега, кога ги претставивме двата пророчки ѕвера, пророштвото дава извонреден опис на нивното здружување. *„Тој* (протестантска Америка) *ја извршува сета власт на првиот ѕвер* (папството) *во негово присуство, и ја присилува целата земја и жителите нејзини да му се поклонат на првиот ѕвер, чија смртна рана се беше исцелила"* (Откровение 13,12). Овие стихови предвидуваат помирување меѓу протестантизмот и католицизмот, а ние го гледаме тоа денес. Во 1963 г. Џон Ф. Кенеди, римокатолик, беше избран за претседател на Америка. Ваков чин би бил незамислив за првите англиски доселеници или, пак, за нивните непосредни потомци. Оттогаш, папата се здобил со популарност без преседан. Од затвореник на Ватикан, тој станал симбол на христијанското единство.

Посетите на папата на Америка и на други земји низ светот ги одобруваат и католиците и протестантите. При неговата прва посета на Америка, големото мноштво ја пеело песната „Тој го има целиот свет во своите раце." *„Неговата смртна рана му заздраве. Тогаш се зачуди целата земја"* (3. стих). Но, овде не станува збор само за популарност, туку за моќ. *„Му се даде власт над секое колено, јазик и народ"* (7. стих) *„и ќе направи на сите – мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови – да им се стави белег на десната рака или на челата нивни, та никој да не може ни да купува, ниту да продава, освен оние што го имаат тој белег, или името на ѕверот, или бројот на името негово"* (стихови 16 и 17).

# Крајот
## на религиозната слобода

Неверојатно! Според ова пророштво, слободољубивата Америка ќе ги следи чекорите на Рим, покажувајќи тиранска нетолеранција во однос на религијата. Ова нема лесно да се постигне. Ќе биде потребна чудесна сила за да се оствари тоа, но таа сила ќе биде употребена. *„И ги мамеше земните жители со чудата што му беа дадени да ги врши пред ѕверот, велејќи им на земните жители да му направат биста на ѕверот“* (14 стих).







Долго време светот бил скептичен во поглед на чудата, но денес постојат многу свештеници кои тврдат дека прават чуда со кои ги лекуваат луѓето. Ваквата способност ќе се шири сè повеќе. Луѓето ќе говорат: „Ќе поверувам кога ќе видам“, и ќе инсистираат да видат конкретно дејство. Црквата и државата повторно ќе се обединат да ги прогонуваат оние што се разликуваат од популарните гледишта. Не многу одамна, ние можеби се чудевме како може трговијата да се регулира на универзално ниво. Денес никој не го поставува тоа прашање. Компјутерите можат да содржат фајлови со информации за идентитетот и религиозната припадност на секое лице, а куповната моќ може да се контролира со помош на кредитните картички или слични средства.

# Белегот на ѕверот

Конечното прашање ќе биде за *„белегот на ѕверот“*, или знакот на авторитетот на Рим. Што претставува белег или знак на папската власт, според нејзиното тврдење? Нејзината литература го содржи одговорот. Во „Катехизмот – едноставно објаснет“ (*The Catechism Simply Explained*, by Canon Cafferata, објавен во Лондон од Burns Oates и Washbourne, Publishers to the Holy See, 1935, на стр. 89, се кажува: „Црквата, со моќта што ѝ ја дал Бог, го сменила празнувањето од сабота во недела. Шабатот бил сабота, не недела, па зошто тогаш ние ја празнуваме неделата како свет ден? Црквата го променила светкувањето на саботата и ја празнува неделата во спомен на Христовото воскресение...“ Истиот став го наоѓаме и во „Контроверзниот катехизам“ (The Controversial Catechism) напишан од Стивен Кинан (Rev. Stephen Keenan), исто така објавен од Брнс и Оутс во 1914 год. на страниците 60 и 128. Така во овие искази католичката црква тврди дека празнувањето на неделата е белег на нејзината власт и таа никогаш не го негирала таквото тврдење. Значи ли тоа дека сите што ја празнуваат неделата како ден за богослужение, го имаат белегот на ѕверот? Не. Тоа нема да се случи сè додека не се исполнат сите елементи на пророштвото. Кога луѓето ќе станат свесни дека е саботата, седмиот ден во седмицата, Шабат (денот за одмор) кој има авторитет од Библијата, а декретот издаден од црквата и државата заедно ги обврзува да го празнуваат првиот ден, недела, а да го прекршуваат седмиот ден, тогаш секој што ќе продолжи да ја празнува неделата ќе го прими *„белегот на ѕверот“*.

# Белегот
## на раката и на главата

Примањето на ваквиот белег на челото значи да се прифати таквиот став со умот. При-



# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

АРХЕОЛОГИЈА

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

# РИМСКАТА ИМПЕРИЈА

***1.*** На кој датум се случила битката кај Пидна? Одговор: ____

***2.*** Кој бил одговорен за убиството на Цезар? Одговор: ____

***3.*** Кој управувал со Рим

а) кога бил роден Исус Христос? (а) ____

б) кога Исус бил распнат? (б) ____

в) кога Павле и Петар биле осудени на смрт? (в) ____

г) кога Јован бил протеран на Патмос? (г) ____

***4.*** Кој бил еден од последните Римски императори кој ги прогонувал христијаните?
Одговор: ____

***5.*** Кој Римски император го прифатил христијанството како државна религија?
Одговор: ____

***6.*** Што претставува жената во библиските пророштва? Одговор: ____

***7.*** Кое било машкото дете од Откровение 12,5? Одговор: ____

***8.*** Кој бил првично претставен како змев во Откровение 12,3?
(а) ____ (б) ____ (в) ____

***9.*** Колку долго требало да трае протерувањето за време на мрачниот период?
Одговор: ____

***10.*** Кои се двете карактеристики на црквата на остатокот? Одговор: ____

***** Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат) ____

АРХЕОЛОГИЈА

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# ПЕЧАТИ И ЗНАЦИ

**1.** Кои два вида печати биле користени во минатото? Одговор: ____

**2.** Кој бил најчесто употребуваниот печат во Египет? Одговор: ____

**3.** Именувај два библиски лика кои користеле печати. Одговор: ____

**4.** Каков печат бил користен кога Даниел бил фрлен во јамата со лавови?
Одговор: ____

**5.** Чиј печат се спомнува во Откровение 7? Одговор: ____

**6.** Наброј 3 сличности меѓу моќта на рогот во Даниел 7 и ѕверот во Откровение 13.
(а) ____ (б) ____
(в) ____

**7.** а) Од каде дошол првиот ѕвер од Откровение 13?
(а) ____
б) Од каде дошол вториот ѕвер од Откровение 13?
(б) ____

**8.** Што претставува водата? Одговор: ____

**9.** (а) Каде ќе биде врежан белегот на ѕверот? Одговор: ____
(б) Каде ќе биде втиснат Божјиот печат? Одговор: ____

**10.** Која од десетте Божји заповеди содржи елементи на печат?
Одговор: ____

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? *(прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)* ____

### Ваши податоци

Име и презиме ____ Телефон ____

Адреса ____

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**



Трите ангели од Откровението

мањето на белегот на раката значи да се почитува таквиот декрет од причина на прикладност, без да се прифати и со умот. Не е важно од која причина се прави тоа. Резултатот ќе биде ист – универзално признавање на авторитетот на римокатоличката црква и државата над авторитетот на Библијата. Печатот или белегот, фигуративно ќе бидат врежани на нивните чела или на нивните раце, исто како да биле врежани таму со жиг или со цилиндричен печат. Но Библијата содржи сериозно предупредување против примањето на белегот на ѕверот. *„И трет ангел по него наиде, зборувајќи со висок глас: 'Кој ќе му се поклони на ѕверот и на бистата негова, и ќе прими белег на челото свое или на раката своја, тој ќе пие од виното на јароста Божја'"* (Откровение 14,9).

## Божјите слуги **запечатени**

Спротивни на оние што го примаат белегот на ѕверот се оние што го примаат Божјиот печат. Јован имал видение за драматичното појавување на Исус. Тој рекол дека *„и секоја гора и секој остров се поместија од местата свои."* Тој ги слушнал *„царевите земни, и благородниците, и богатите, и војводите, и силните, и секој роб и слободен"*, истите луѓе опишани во Откровение 13 глава како го примаат белегот на ѕверот, кои викале од страв: *„дојде големиот ден на Неговиот гнев, и кој може да опстане?"* (Откровение 6,17). Одговорот се наоѓа во стиховите што следуваат:




*„И видов друг ангел како се подигаше од исток кој имаше печат на живиот Бог и тој извика со висок глас кон четирите ангели, на кои им беше дадено да им пакостат на земјата и на морето, велејќи: 'Не пакостете ѝ на земјата, ниту на морето, ниту пак, на дрвјата, додека не им ставиме печат врз челата на слугите на нашиот Бог!'"* (Откровение 7,2.3). Овие луѓе свесно му се покоруваат на Божјиот декрет. Тие не го примаат печатот на нивните раце. Тој е на нивните чела. Тие цврсто веруваат во него и го прифаќаат. Кој е тој печат? Бог заповеда: *„Врзи го сведителството и запечати го откровението пред моите ученици"* (Исаија 8,16). Печатот на Божјиот закон се наоѓа во четвртата заповед.

АРХЕОЛОГИЈА

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 14, година III, 2016 | Месечно издание | Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето"**, Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** | e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**



По страдањата следува круната на вечниот живот

мата оваа заповед ги содржи елементите на соодветниот печат, името на царот кој го овластил печатот и царството со кое управува тој. „*Седмиот ден е сабота ГОСПОДОВА*“ (неговото име) (2. Мојсеева 20,10), „*зашто за шест дена ги создаде ГОСПОД небото и земјата, морето и сè што е во нив*“, (неговата титула – Творец на универзумот). Во 2. Мојсеева 31,13 Бог му рекол на Мојсеј „*Кажи им на синовите на Израил така: пазете ги саботите мои, зашто тоа е знак меѓу мене и вас од колено до колено, за да знаете дека јас сум ГОСПОД кој ве осветува.*“ Во Римјаните 4,11 зборот „знак“ и „печат“ се употребени како синоними: „*И знакот на обрезанието тој го доби како печат на праведноста што доаѓа од верата...*“

## 144 илјади

„*И го чув бројот на одбележаните со печат: сто четириесет и четири илјади беа одбележани од сите колена на синовите Израилеви*“ (Откровение 7,4). Но тие 144.000 нема да бидат единствените спасени во Божјото царство. „*Потоа видов, и ете, големо мноштво народ, кое никој не можеше да го изброи – од сите племиња и колена, народи и јазици тие стоеја пред престолот*“ (9. стих). Тие 144.000 ќе бидат посебна група, која ќе ја покаже својата лојалност кон Исуса Христа во време на нивното прогонство. Бидејќи го прифаќаат како свој Спасител, тие дури и ќе се соочат со смртна закана „*и му се даде да вложи дух во бистата на ѕверот, та да прозборува тој и да направи да бидат убиени оние што нема да се поклонат пред бистата на ѕверот*“ (Откровение 13,15).

Но Бог нема да го остави својот народ. Исус Христос го напуштил безбедното небо и домот на ангелите за да живее тежок живот на овој свет. Тој умрел понижен на крстот заради целиот човечки род. Не би поминал низ сите тие маки за безвредните грешници, за потоа да ги остави да пропаднат. Тој нè сака и нема никогаш да нè напушти. Тој ќе го штити Својот народ во сите кризи што надоаѓаат.


## ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:

## ДИЈАНА ЕФЕСКА КОРИНТ на крстопат

- Откопувањето на храмот на Артемида
- Куќата на Марија во Ефес
- Богатството на Ватикан
- Олимписките игри
- Храмот на Зевс
- Пророчици во Библијата

